

© iStockphoto/Photodjo

*Мускулно-скелетните нарушувања се една од главните причинители за отсуства заради болест и предвремено пензионирање во Европа.*

# Што претставуваат МСН?



МСН поврзани со работата се оштетувања на телесните структури, како што се мускилите, зглобовите, нервите и коските, кои се настанати или во влошена состојба пред се поради работата. Тие воглавно имаат негативен ефект врз грбот, вратот, рамениците и горните екстремитети, но исто така имаат ефект и врз долните екстремитети.

Поголемиот број на МСН при работа се кумулативни нарушувања кои резултираат, на пример, од постојана изложеност на големи товари во текот на долги периоди. Но, МСН при работа може да бидат и акутни трауми, како што се фрактури, кои се појавуваат во за време на незгода.

**Европската агенција за безбедност и здравје при работа (EU-OSHA)** работи кон тоа да ја направи Европа побезбедно, поздраво и попродуктивно место за работа. Основана од Европската Унија во 1994 и базирана во Билбао,Шпанија, Агенцијата истражува, развива и дистрибуира релијабилни, балансирани и објективни информации за безбедноста и здравјето, вмрежувајќи се со организации ширум Европа со цел подобрување на работните услови.

EU-OSHA исто така ги води Кампањите за здрави работни места, поддржани од страна на институции на ЕУ и европските социјални партнери, а координирани на државно ниво од страна на мрежата од фокусни точки (focal points) на Агенцијата. Кампањата 2020-22, **Здрави работни места Олеснете го товарот**, има за цел подигање на свеста за МСН поврзани со работата и потребата да се управува со нив како и да се промовира културата на превенција на ризиците.

**Европска агенција за безбедност и здравје при работа**
C/Santiago de Compostela 12
48003 Bilbao, SPAIN
Email: ***information@osha.europa.eu***

***www.healthy-workplaces.eu***

© Европска агенција за безбеднос и здравјет при работа, 2020
Репродукцијата е дозволена доколку се наведе изворот.
За репродукција или употреба на било која слика со права кои не се на EU-OSHA, мора да се побара дозвола од сопственикот на правата. Сликите кои се користат во овој извештај илустрираат спектар на работни активности. На нив не се прикажани добри практики или услогласени со законските услови.

Print: ISBN 978-92-9479-375-1, doi:10.2802/25796, TE-03-20-107-MK-C • PDF: ISBN 978-92-9479-370-6, doi:10.2802/25796, TE-03-20-107-MK-N

Безбедноста и здравјето при работа се грижа на сите. Добро е за вас. Добро е за бизнисот..

## Здрави работни места

# Олеснете го товарот



**www.healthy-workplaces.eu**

Европска Агенција за Безбедност и Здравје при Работа

Здрави работни места

# За кампањата

## Управување со МСН поврзани со работата

Мускулно-скелетните нарушувања поврзани со работата (МСН) го нарушуваат квалитетот на животот на луѓето и се една од главните причини за отсуства од работа поради болест и предвремено пензионирање, а во исто време имаат негативен ефект врз бизнисите и економиите. И покрај значајните напори истите да се спречат, МСН при работа сѐуште остануваат најчестиот здравствен проблем поврзани со работата во Европа.

Со вистински пристап, МСН поради работа може да се спречи. Справувањето со МСН не само што ги штити работниците лично, туку ја подобрува и деловната конкурентност, преку намалување на отсуствата од работа и зголемувањето на продуктивноста, но исто така и оптоварувањето на државните здравствени системи.

Кампањата ги има следните цели:

1. да ја подигне свесноста за МСН поврзани со работата;
2. да ја промовира проценката на ризикот и управувањето со МСН;
3. да покаже дека МСН претставуваат проблем за секого – во сите видови работни места и сектори;
4. да се прошири знаењето за новите и следни ризици во врска МСН;
5. да ја нагласи потребата од реинтегрирање и задржување на работниците со хронични МСН и начинот како тоа да се спроведе;
6. да се поттикне размената на информации и добри практики помеѓу релевантните страни.



© iStockphoto/simonkr

# Кој може да учествува?

Сите заинтересирани поединци или организации — на европско или национално ниво, од било колкав обем и од било кој сектор —се поттикнуваат да се придружат на кампањата, а особено:

- работодавци, менаџери, работници и претставници за БЗР во јавниот и приватниот сектор;
- фокусните точки (focal points) на EU-OSHA, социјалните партнери и нивните мрежи;
- комисии за меѓусекторски социјален дијалог;
- креатори на политики;
- истражувачката заедница на БЗР;
- трудовите инспекторати и нивните асоцијации;
- заедницата на јавното здравство;
- сектор образование (основно, средно, терцијарно и стручно);
- дизајнери на продукти и индустриски дизајнери;
- медиумите.



# Како можете да се придружите?

- со подигање на свеста преку дисеминирање на материјалите од кампањата;
- преку организирање на работилници или други активности;
- промовирање на алатки и ресурси за управување на МСН поврзани со работата;
- споделување на добри практики за превенција;
- со партиципирање во Наградите за добри практики за здрави работни места;
- преку учество во Европските недели во октомври 2021 и 2022;
- станување официјален партнер на кампањата или медиумски партнер.

# Дополнителни информации и ресурси

Посетете ја ***www.healthy-workplaces.eu*** за повеќе информации и различни ресурси кои ќе ви помогнат да ја промовирате и поддржите кампањата, на пример:

- водич за кампањата;
- извештаи, инфо страници и OSH-wiki написи;
- комплет алатки за кампањата и друг промотивен материјал;
- алатки, инфографици, аудио-визуелни материјали и насоки за добри практики;
- „Напо“ видеа и ресурси за обука.

Следете нé на социјалните медиуми (**Facebook**, **Twitter** и **LinkedIn**) и споделувајте ги нашите постови.

Информирајте се за најновите вести поврзани со кампањата преку вебсајтот за нашата кампања (***https://healthy-workplaces.eu***).

*Со интегриран пристап и преку промовирање на култура на превенција која ги вклучува и работниците и вработените, појавата на голем број случаи на МСН може лесно да се спречи или надмине.*

# Клучни датуми

**Лансирање на кампањата**
Октомври 2020

**Европски недели за безбедност и здравје при работа**
Октомври 2020, 2021 и 2022

**Настан за размена на добри практики на работни места**
Октомври 2021

**Резултат од наградите за добри практики за здрави работни места**
Април 2022

**Самит за здрави работни места**
Ноември 2022